# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 29 Јануари 2019 година Скопје Бр.1 Год. XIV |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


***Содржина:***


1. Програма за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров за 2019 година ......................................стр.2
2. Буџетски календар на Општина Ѓорче Петров за 2019 година ............................................................стр.13
3. Одлука за Измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2019 година ..........................................................................................................................стр.16
4. Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2019 година ...........................................................................................................................................стр.18
5. Одлука за ко-финансирање на Проект: "Регулација и уредување на речното корито на река Лепенец од граница на ГУП на Град Скопје до граница на Република Македонија со Република Косово " .......................................................................................................................................стр.20
6. Одлука за ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект Училишна спортска сала во дворот на општинско Основно училиште „Јоаким Крчовски", с.Орман, Општина Ѓорче Петров-Скопје .........................................стр.22
7. Одлука за ослободување на инвеститорот од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект Затворен пливачки базен во општинско Основно Училиште Димитар Поп Георгиев-Беровски, Општина Ѓорче Петров-Скопје ...................................................стр.24
8. Одлука за прифаќање иницијатива за ДУП за градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.03, Општина Ѓорче Петров-Скопје ..................................................................................................................................стр.26
9. Одлука за прифаќање на Физибилити Студијата за оправданост од воспоставување на Договор за ЈПП за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Ѓорче Петров ...................................................................................................................................стр.31


**Јануари 2019 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за работа на Советот**
**на Општина Ѓорче Петров за 2019 година**

Се објавува Програмата за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров за 2019 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и третата седница на Советот, одржана на ден 29.01.2019 година.

**Број 09-354/1**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02), член 16 став 1 точка 13 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14) и точка 139 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 12/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 23-тата седница одржана на ден 29.01.2019 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров**
**за 2019 година**

## I. Период Јануари - Март

1. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров за 2019 година;

**Предлагач: Координативно тело**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни и работи и работа со Советот**

2. Предлог-Буџетски календар на Општина Ѓорче Петров за 2019 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

5. Извештај за извршување на Буџетот за 4-то тромесечие од 2018 година (во текот на месец Февруари);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

6. Годишен Извештај за реализација на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година (период 01.01.-31.12. 2018 година) до 15-ти Март;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

7. Предлог-Завршна сметка за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година. (до 15-ти Март);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

8. Разгледување и усвојување на завршен Извештај за реализирани програми усвоени од Советот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година (до 31-ви Март)

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за нормативно-правни работи, општи работи, дејности од јавен интерес и работа со Совет**

**Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

9. Предлог- Одлуки за прифаќање на иницијативи од правни и физички лица со барања за изменување на постојна планска документација или донесување на нови различни плански документи, технички исправки и проектни документации и водење постапка за нивно донесување;

**Предлагач: Комисија за урбанизам**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

10. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП за Градсика четврт СЗ 20;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

11. Усвојување на Извештај на Полициска станица од општа надлежност „Ѓорче Петров" за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за Второ шестомесечие од 2018 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Полициска станица од општа надлежност „Ѓорче Петров"**

## II . Период Април - Јуни

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот I-квартал (период 01.01.- 31.03.2019 година);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

2. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП за Градсика четврт СЗ 12;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

3. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП за Градсика четврт СЗ 13;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

4. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП за Градсика четврт СЗ 14;
**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

5. Предлог - Одлука за Донесување на УПС за НОВО СЕЛО;
**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

6. Предлог - Одлука за Донесување на УПВНМ за ВЕЛЕ ПОЛЕ;
**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

7. Подготвување на Нацрт-Статут на Општината и Предлог-Статут на општината;
**Предлагач: Координативно тело**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни и работи и работа со Советот**

8. Подготвување на Нацрт- Деловник на Општината и Предлог- Деловник на општината;
**Предлагач: Координативно тело**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни и работи и работа со Советот**

9. Правилник со критериуми за доделување парична поддршка и спонзорства;
**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни и работи и работа со Советот**

10. Правилник за јавност во работата во Општина Ѓорче Петров;
**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни и работи и работа со Советот**

## III. Период Јули - Септември

1. Предлог - Одлука за донесување на ДУП за Гратска четврт: С306;
**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и**

**заштита на животната средина**

2. Предлог- Одлука за донесување на изменување и дополнување на УПС за село ВОЛКОВО;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

3. Предлог-Одлука за доделување на Годишна награда „Ѓорче Петров" во 2019 година;

**Предлагач: Комисија за за спорт, култура, млади, награди и признанија**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

4. Предлог-Одлука за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров во 2019 година;

**Предлагач: Комисија за образование, наука, социјална, здравствена и заштита на деца**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

5. Квартален Извештај за извршување на Буџетот II-квартал (период 01.01.- 30.06.2019 година);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

6. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Мирче Ацев" за учебната 2018/2019 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Мирче Ацев**

7. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Ѓорче Петров" за учебната 2018/2019 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Ѓорче Петров**

8. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски" за учебната 2018/2019 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Димитар Поп Г.Беровски**

9. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Страшо Пинџур" за учебната 2018/2019 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Страшо Пинџур**

10. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Јоаким Крчовски“ за учебната 2018/2019 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Јоаким Крчовски**

11. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Тихомир Милошевски“ за учебната 2018/2019 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Тихомир Милошевски**

12. Извештај за работа на Јавната установа - Детска градинка „РОСИЦА“ - Скопје за периодот 2018/2019година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Јавна установа Детска Градинка Росица**

13. Предлог -Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Мирче Ацев“ за учебната 2019/2020 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

14. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Ѓорче Петров“ за учебната 2019/2020 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

15. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“ за учебната 2019/2020 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

16. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Страшо Пинџур“ за учебната 2019/2020 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

17. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Јоаким Крчовски“ за учебната 2019/2020 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

18. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Тихомир Милошевски“ за учебната 2019/2020 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

19. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на Јавната установа Детска градинка „РОСИЦА“ - Скопје за период 2019/2020 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

20. Правилник за организирање и одржување на форумите на заедниците во Општина Ѓорче Петров;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни и работи и работа со Советот**

21. Усвојување на Извештај на Полициска станица од општа надлежност „Ѓорче Петров“ за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за Прво шестомесечие од 2019 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Полициска станица од општа надлежност „Ѓорче Петров“**

## IV. Период Октомври - Декември

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот III-квартал (период 01.01.-30.09.2019 година) (месец Октомври);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

2. Предлог- Одлука за донесување на ДУП за Градска четврт СЗ 24;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

3. Предлог - Одлука за Донесување на УПС за НИКИШТАНЕ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

4. Предлог- Одлука за донесување на изменување и дополнување на УПС за село ОРМАН;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

5. Предлог- Одлуки за прифаќање на иницијативи од правни и физички лица со барања за изменување на постојна планска документација или донесување на нови различни плански документи, технички исправки и проектни документации и водење постапка за нивно донесување;

**Предлагач: Комисија за урбанизам**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

6. Предлог-Програма за измени и дополнување на Програмата за Урбано планирање „Ф“ за 2019 година на Општина Ѓорче Петров;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

7. Предлог-Програма за измени и дополнување на Програмата за комунални дејности „Ј“ на Општина Ѓорче Петров за 2019 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

8. Предлог-Програма за работа на Советот за носење одлуки согласно барања на даватели на грантови;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

9. Донесување одредени одлуки по барање на Секторот за урбанизам кои ќе произлезат како резултат на барања од страна на давателите на грантови и донации за разни проекти на територијата на општината со кои секторот ќе аплицира во 2019 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

10. Извештај за реализација на Програмата за Урбано планирање „Ф“ и Програмата за комунални дејности „Ј“ на Општина Ѓорче Петров за 2019 година, за период од 01.01.-30.09.2019 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

11. Предлог-Програма за Урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2020 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

12. Предлог-Програма за комунални дејности „Ј“ на Општина Ѓорче Петров за 2020 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

13. Извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природа, за период од 01.01.-30.09.2019 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

14. Предлог-Програма за заштита на животната средина и природата во Општина Ѓорче Петров за 2020 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

15. Предлог-Акционен план (GD) за енергетска ефикасност на Општина Ѓорче Петров за 2020 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

16. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2019 година, за период од 01.01.-30.09.2019 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за работи на Градоначалникот и дејности од јавен интерес**

17. Предлог-Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и подршката на невладиниот сектор за 2020 година ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за работи на Градоначалникот и дејности од јавен интерес**

18. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и подршката на невладиниот сектор за за период од 01.01.-30.09.2019 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за работи на Градоначалникот и дејности од јавен интерес**

19. Предлог-Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и подршката на невладиниот сектор за 2020 година ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за работи на Градоначалникот и дејности од јавен интерес**

20. Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.-30.09.2019 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

21. Предлог-Програма за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2020 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

22. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на образованието, за период од 01.01.-30.09.2019 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

23. Предлог-Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на образованието за 2020 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

24. Извештај за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите, за период од 01.01.-30.09.2019 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

25. Предлог-Програма за еднакви можности на жените и мажите за 2020 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

26. Предлог-Измена и дополна на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2019 година (Ребаланс);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

27. Предлог-Одлука за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотација на основните училишта во Општина Ѓорче Петров за 2020 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

28. Предлог-Буџет на Општина Ѓорче Петров за 2020 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

29. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2020 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

30. Предлог-Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2020 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

Програмата е отворена и во текот на годината може да се дополнува со нови точки.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-253/3**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Буџетски календар на Општина Ѓорче Петров за 2019 година**

Се објавува Буџетскиот календар на Општина Ѓорче Петров за 2019 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Дваесет и третата седница на Советот, одржана на ден 29.01.2019 година.

**Број 09-354/2**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 27, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ( Службен весник на Р.М. бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06 и 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 23-тата седница одржана на ден 29.01. 2019 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**за 2019 година**

| Ред. број | **А К Т И В Н О С Т И** | **Месеци во годината** |
|---|---|---|
| 1. | Советот на општина Ѓорче Петров го усвојува буџетскиот календар | **Јануари** |
| 2. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиски планови за 2020 г. до сите организациони единици на општината, како и до сите буџетски корисници, т.е. Општински јавни установи | **До 30 Јуни** |
| 3. | Сите организациони единици и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметки за наредната година со образложение за висината на износите по позиции, како и извори на приходи | **Најдоцна до 20-ти Септември** |
| 4. | Министерството за финансии доставува Циркулар-насоки за подготвување на Буџетите на единиците на локална самоуправа за наредната година | **Најдоцна до 30-ти Септември** |
| 5. | Секторот за финансиски прашања подготвува проценка на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и усогласува буџетските барања и финансиските планови и го известува Градоначалникот за основните параметри | **до 15-ти Октомври** |
| 6. | Градоначалникот организира собирти со граѓаните по Месни и Урбани заедници, на кои се истакнуваат проблемите и потребите на граѓаните | **од 01-ви до 10-ти Октомври** |
| 7. | Секторот за финансиски пашања го изготвува Предлог-буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и одобрување | **до 10-ти Ноември** |
| 8. | Градоначалникот го претставува Предлог-буџетот на јавноста - граѓаните, Месни и Урбани заедници, медиум и т.н. | **До 30-ти Ноември** |
| 9. | Градоначалникот доставува конечна верзија на Предлог-буџет за наредната година до Советот на општината | **Најдоцна до 10-ти Декември** |
| 10. | Советот на општина Ѓорче Петров го усвојува Предлог-буџетот за наредната година | **Најдоцна до 31 Декември** |

Буџетскиот календар за 2019 година влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен Гласник на општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-253/4**
**Од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за Измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2019 година**

Се објавува Одлуката за Измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2019 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и третата седница на Советот, одржана на ден 29.01.2019 година.

**Број 09-354/3**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 и 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ("Сл. весник на Р.М." бр. 61/04, 96/04, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18), член 1, 3, 29-а, 29-г и 29-д од Законот за плати и други надоместоци на пратеници во Собранието на Р.М. и други избрани и именувани лица во Р.М. ("Сл. весник на Р.М." бр. 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/2012, 145/2012, 170/2013 и 139/2014) и член 16 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров"број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на статутот на Општина Ѓорче Петров ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров " бр. 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена и дополна на Одлуката за извршување на Буџетот**
**на општина Ѓорче Петров за 2019 година**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2019 година бр. 08-4703/4 од 28.12.2018 година, на начин што во член 9 став 1 алинеа 2 бројот 12,5 се заменува со бројот 12,41 и после зборот „денари" се додаваат зборивите: „ оваа вредност на бод ќе се применува од 01.01. до 31.08.2019 година".

По алинеа 2 се додава нова алинеа 3, која гласи: „ - Вредноста на бодот за пресметување на бруто плата за период од 01.09 до 31.12.2019 година ќе изнесува 13,03 денари".

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров", а ќе се применува од 01 Јануари 2019 година.

**Број 08-253/5**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот**
**за платите на државните службеници за 2019 година**

Се објавува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2019 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и третата седница на Советот, одржана на ден 29.01.2019 година.

**Број 09-354/4**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. број 05/02), член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06 и 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 23-тата седница одржана на ден 29.01. 2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредност на бодот за платите**
**на административни службеници за 2019 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на административните службеници за период од 01.01. до 31.08.2019 година изнесува 77,24 денари, а за периодот од 01.09. до 31.12.2019 година, изнесува 81,10 денари.

**Член 2**

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административни службеници за 2019 година, број 08-4703/5 од 28.12.2018 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 19/2018).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров ", а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2019 година.

**Број 08-253/6**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за за ко-финансирање на Проект: "Регулација и уредување на речното корито на река Лепенец од граница на ГУП на Град Скопје до граница на Република Македонија со Република Косово "**

Се објавува Одлуката за ко-финансирање на Проект: "Регулација и уредување на речното корито на река Лепенец од граница на ГУП на Град Скопје до граница на Република Македонија со Република Косово ", што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и третата седница на Советот, одржана на ден 29.01.2019 година.

**Број 09-354/5**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ' бр.05/2002), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров"број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на статутот на Општина Ѓорче Петров ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров " бр. 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 23-та седница одржана на ден 29.01.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за ко-финансирање на Проект:**

**"Регулација и уредување на речното корито на Река Лепенец од граница на ГУП на Град Скопје до граница на Република Македонија со Република Косово "**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува ко-финансирање на инвестиција во висина од 3.000.000,00 денари, за ко-финансирање во реализација на проектот: "Регулација и уредување на речното корито на Река Лепенец од граница на ГУП на Град Скопје до граница на Република Македонија со Република Косово "**.**

**Член 2**

Регулацијата и уредувањето на речното корито на Река Лепенец од граница на ГУП на Град Скопје до граница на Република Македонија со Република Косово ќе се реализира со средства од Биро за Регионален Развој при Министерство за локална самоуправа на Република Македонија.

**Член 3**

Средствата за кофинансирање во реализацијата на овој комплексен инфраструктурен проект во висина од 3.000.000,00 денари се обезбедени од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на заштита на животната средина и природата за 2019 година број 08-4265/20 од 30.11.2018 година, од Под-Програма R1- Заштита на животната средина и природа, (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 17/2018) .

**Член 4**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров"

**Број 08-253/7** — **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 29.01.2019 година** — **Претседател,**
**Скопје** — **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за за ослободување на ко-инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект Училишна спортска сала во дворот на општинско Основно училиште „Јоаким Крчовски", с.Орман, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за ослободување на ко-инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект Училишна спортска сала во дворот на општинско Основно училиште „Јоаким Крчовски", с.Орман, Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и третата седница на Советот, одржана на ден 29.01.2019 година.

**Број 09-354/6**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа(„Службен весник на Република Македонија„ број 05/02), а во врска со член 59 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/114, 51/15, 129/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општината Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и допоплнување на статутот на Општина Ѓорче Петров ("Службен весник на РМ" бр. 13/14) Советот на Општина Ѓорче Петров на 23-тата седница одржана на ден 29.01.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект Училишна спортска сала во дворот на општинско Основно училиште „Јоаким Крчовски„ с.Орман, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука инвеститорот Општина Ѓорче Петров, се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект Училишна спортска сала во дворот на општинско Основно училиште „Јоаким Крчовски„ с.Орман, во Општина Ѓорче Петров-Скопје, кое се наоѓа на КП бр.393/1, или Г.П. 18.1 К.О. Орман – Вон Г.Р., согласно АУП за формирање на градежни парцели за ОУ Јоаким Крчовски на дел од КП 393/1 и КП 393/2 К.О. Орман – Вон Г.Р. (Дел од УПС Орман), Општина Ѓорче Петров – Скопје, заверен со Потврда за заверка бр.25-506/33 од 13.12.2018 година.

**Член 2**

Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на инвеститорот.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров " .

**Број 08-253/8**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за ослободување на ко-инвеститорот од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект Затворен пливачки базен во општинско Основно Училиште**
**Димитар Поп Георгиев-Беровски, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за ослободување на ко-инвеститорот од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект Затворен пливачки базен во општинско Основно Училиште Димитар Поп Георгиев-Беровски, Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и третата седница на Советот, одржана на ден 29.01.2019 година.

**Број 09-354/7**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија' бр.05/2002), а во врска со член 59 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр.130/9, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/114, 51/15, 129/15,30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров"број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на статутот на Општина Ѓорче Петров ("Службен весник на РМ" бр. 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 23-тата седница одржана на ден 29.01. 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За ослободување на инвеститорот од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект**
**Затворен пливачки базен во општинско Основно**
**Училиште Димитар Поп Георгиев-Беровски,**
**Општина Ѓорче Петров-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука инвеститорот Општина Ѓорче Петров, се ослободува од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект Затворен Пливачки Базен во општинско Основно Училиште Димитар Поп Георгиев-Беровски, во Општина Ѓорче Петров-Скопје, кое се наоѓа на КП бр.9295 КО Ѓорче Петров 6, ДУП локалитет Спортски терени Г.П.2.13, донесен со Одлука бр.07-3224/5 од 23.12.2008год.

Ослободувањето од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште се однесува за делот од вкупниот надоместок, во висина од 40% наменет за Општина Ѓорче Петров-Скопје.

**Член 2**

Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на инвеститорот.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила на денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-253/9** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 29.01.2019 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за прифаќање иницијатива за ДУП за градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.03, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за прифаќање иницијатива за ДУП за градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.03, Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и третата седница на Советот, одржана на ден 29.01.2019 година.

**Број 09-354/8**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ " Бр. 05/02 ), член 21 став 3 , 4 и 5 и член 82 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. број 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 29-тата седница одржана на ден 29.01.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање иницијатива за**
**ДУП за градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.03**
**Општина Ѓорче Петров-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се прифаќа иницијативата со број 25-1042/1од 21.12.2018год. поднесена од Медиа електроникс ДОО Скопје, за ДУП за градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.03, Општина Ѓорче Петров-Скопје.

**Член 2**

Предмет на изработка е ДУП за градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.03, Општина Ѓорче Петров-Скопје. Површината на планскиот опфат е 4,611ха.

**Член 3**

За предметниот ДУП за градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.03, Општина Ѓорче Петров-Скопје, трба да се води постапка за донесување согласно член 11, од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 4**

Иницијативата за постапка за донесување на ДУП за градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.03, Општина Ѓорче Петров-Скопје, се однесува на оформување на градежни парцели со цел да се ускладат со состојбата на теренот и создавање на услови за предвидување на содржини кои ќе го оформат просторот согласно потребите на корисниците , како и согледувања во поглед на неговата функција како интегрален дел од градскиот простор, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16, 163/16 ,64/18 и 168/18) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17).

**Член 5**

Трошоците за изготвување на планската документација за ДУП за градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.03, Општина Ѓорче Петров-Скопје ќе бидат на товар на барателот на иницијативата.

**Член 6**

Градоначалникот со Стручните служби од Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, по донесување на **Одлуката за** прифаќање на иницијативата за ДУП за градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.03, Општина Ѓорче Петров-Скопје ќе отпочне активности согласно Законот за Просторно и урбанистичко планирање, за навремено донесување на потребната документација.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-253/10** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 29.01.2019 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување на финасиски средства за постоперативно лекување на вработен во општинската администрација**

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства за постоперативно лекување на Момир Николоски, вработен во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и третата седница на Советот, одржана на ден 29.01.2019 година.

**Број 09-354/9**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија" бр. 05/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14) и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2019 година број 08-4703/4 од 28.12.2018 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.19/2018), Советот на Општина Ѓорче Петров на 23-тата Седница одржана на ден 29.01.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финасиски средства за постоперативно лекување**
**на вработен во општинската администрација**

**Член 1**

На Товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2019 година Програм ДО Градоначалник - позиција 413110-Тековна буџетска резерва, на Момир Николоски, вработен во Општина Ѓорче Петров, се доделува износ од 60.000,00 денари, како финасиска подршка за покривање на трошоци за постоперативно лекување.

**Член 2**

Средствата да се уплатат на име на Момир Николоски, на сметка број 300007032927321, Комерцијална Банка а.д.-Скопје.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-253/11**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за прифаќање на Физибилити Студијата за оправданост од воспоставување на Договор за ЈПП за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување**
**во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за прифаќање на Физибилити Студијата за оправданост од воспоставување на Договор за ЈПП за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и третата седница на Советот, одржана на ден 29.01.2019 година.

**Број 09-354/10**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ " Бр. 05/02 ), член 16, став 2 алинеја 2 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (Сл.Весник на РМ бр.6/12, 144/2014, 33/2015, 104/2015 и 215/2015) член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Бр. 18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 23-тата седница, одржана на ден 29.01.2019 година донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на Физибилити Студијата за оправданост од воспоставување на Договор за ЈПП за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се прифаќа Физибилити студијата за оправданост за склучување на Договор за воспоставување на ЈПП за финансирање, реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Ѓорче Петров со Технички број: 0307-5/1 10.12.2018.

**Член 2**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров врз основа на препораките од Физибилити студијата со помош на стручни лица да се изготви Предлог-Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на Јавно-Приватно Партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој и се достави до Советот на Општина Ѓорче Петров за разгледување и усвојување на првата наредна седница.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-253/12**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**